РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 06-2346/5
28.07 2021 год.
КРИВА ПАЛАНКА

Врз основа на член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), член 11 од Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 152/19) и член 22 и член 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20 и 151/21), и Правилникот за критериумите за селекција на кандидати за вработување во ТППЕ Крива Паланка бр.08-2758/1 од 12.09.2018 година, Општина Крива Паланка со единствен матичен број 5992958, единствен даночен број 4015005104833, објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС бр.01/2021**

**за вработување на неопределено работно време на овластени службеници во областа на безбедноста во Територијалната Противпожарна единица Крива Паланка при Општина Крива Паланка**

Општина Крива Паланка објавува јавен оглас за вработување на неопределено работно време на 2 (два) овластени службеници во областа на безбедноста во Територијалната Противпожарна единица Крива Паланка при Општина Крива Паланка за следните работни места:

**1. Командир на одделение за противпожарна заштита** ниво Б04, шифра ПОЖ0210Б04000 во Територијалната Противпожарна единица Крива Паланка при Општина Крива Паланка 1 (еден) извршител, на неопределено време.

**Општи услови**:
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работно место (кандидатите за вработување треба да бидат здравствено и психофизички способни, утврдено од овластена здравствена установа согласно на Закон),
- со правосилна судска пресуда да не му изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**
- стручни квалификации: ниво на квалификациите квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование,
- работно искуство: најмалку три години работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување на Република Македонија како работен стаж.

**Други посебни услови :**
- Положен возачки испит од „Ц"категорија.
- Положен стручен испит за раководител на акција за гасење пожар и спасување на луѓе и имот, во рок од 3 месеци од распоредувањето на работното место,
- сертификат за стекната квалификација пожарникар, (Вработениот во територијалната противпожарна единица има обврска во рок од една година од денот на вработувањето да се стекне со сертификат за стекната квалификација пожарникар, издаден од институција овластена од Министерството за образование и наука, во спротивно му престанува вработувањето).

**Општи работни компетенции:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг,
- учење и развој,
- комуникација,
- остварување резултати,
- работење со други/тимска работа,
- стратешка свест,
- ориентираност кон засегнати страни и
- раководење.

(проверка на општите и посебните работни компетенции ќе биде извршена во фазата на интервју).

**Работни задачи и обврски:**

-го одредува тактичкиот настап на одделението, раководи и учествува во гаснење на пожари и други интервенции во кои е вклучено одделението;

- презема мерки во акцијата за гаснење на пожари, спроведува и извршува овластувања согласно на законот за пожарникарство;

-спроведува настава и обука со групата според програмата на ТППЕ за кое поднесува извештај;

-одговара за бројната состојба и исправноста на ПП апаратите и средства за гаснење на пожари во групата што ја води и води евиденција;

-надвор од работно време е должен да се јави на работното место при мобилизација на одделението во најкус временски рок;

- учествува во спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозени од пожари и други елементарни непогоди;

-укажува техничка помош при незгоди, опасни ситуации и други несреќи и непогоди.

**2. Пожарникар спасител** ниво В04, шифра ПОЖ 02 10 В04 000 во Територијалната Противпожарна единица Крива Паланка при Општина Крива Паланка 1 (еден) извршител, на неопределено време

**Општи услови**:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работно место (кандидатите за вработување треба да бидат здравствено и психофизички способни, утврдено од овластена здравствена установа согласно на Закон),
- со правосилна судска пресуда да не му изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

- стручни квалификации: ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование,
- работно искуство: со или без работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработувањена Република Македонија како работен стаж.

**Други посебни услови :**

- положен возачки испит од „Ц" категорија,
- сертификат за стекната квалификација пожарникар, (Вработениот во територијалната противпожарна единица има обврска во рок од една година од денот на вработувањето да се стекне со сертификат за стекната квалификација пожарникар, издаден од институција овластена од Министерството за образование и наука, во спротивно му престанува вработувањето).

**Општи работни компетенции:**

- учење и развој,
- комуникација,
- остварување резултати,
- работење со други/тимска работа и
- ориентираност кон засегнати страни.

(проверка на општите и посебните работни компетенции ќе биде извршена во фазата на интервју).

**Работни задачи и обврски:**

- учествува во гаснењето на пожари или други интервенции,
- учествува во спасување на животот на граѓаните и го заштитува имотот,
- укажува техничка помош при незгоди и опасни ситуации,
- управува со возилата на ТППЕ, се грижи за исправноста на возилата, врши дневни, неделни и месечни прегледи на возилата за што води евиденција,
- спроведува и извршува овластувања согласно на законот за пожарникарство,
- работи на стручно усовршување и физичка подготвеност,
-надвор од работно време е должен да се јави на работното место при мобилизација на единиците во најкус временски рок.

**Доставување на документација**

- Кандидатите кон Пријавата треба да ја достават следната документација:
- Биографија –CV и Мотивационо писмо (пополети во самата пријава);
- Уверение за државјанство на Република Македонија (оригинал или заврено на нотар);
- Лекарско уверение како доказ дека има општа здравствена способност за работното место за кое се пријавува утврдено од овластена здравствена установа (оригинал),
- доказ дека не е изречена казна забрана за вршење професија, дејност, должност,
- Диплома за завршено образование (оригинал или заверена на нотар),
- доказ за работното искуство(оригинал или заверен на нотар) од Агенцијата за вработување на Република Македонија,
- сертификат за стекната квалификација пожарникар, (Вработениот во територијалната противпожарна единица има обврска во рок од една година од денот на вработувањето да се стекне со сертификат за стекната квалификација пожарникар, издаден од институција овластена од Министерството за образование и наука, во спротивно му престанува вработувањето),
- фотокопија од возачка дозвола (заверена на нотар),
- за работното место реден број 1 Командир на одделение за противпожарна заштита – доказ за положен стручен испит за раководител на акција за гасење пожар и спасување на луѓе и имот, во рок од 3 месеци од распоредувањето на работното место.

**- Пријавата за вработување треба да содржи** :

- податоци за огласот,
- податоци за кандидатот (име и презиме, матичен број, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, електронска адреса на кандидатот, контакт телефон, припадност на заедница)
- изјава за исполнување на општите услови за работно место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно,
- изјава за исполнување на посебните услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно,
- изјава за исполнување на други посебни услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно,
- кратко мотивационо писмо и биографија,
- изјава за потврда на веродостојност на податоците,
- потпис на кандидатот.

**НАПОМЕНА:** Предвидени вработувања согласно на годишниот план на институцијата за 2021 година се Македонец(ка)

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавување. Кандидатот кој внел лажни податои во пријавата се дисквалификува од понатамошна постапка.

Пријавата за вработување со задолжителните докази за исполнување на условите се доставува во хартиена форма на адреса–Општина Крива Паланка, ул.„Св. Јоаким Осоговски", бр.175 Крива Паланка, со назнака **„За оглас бр.1/2021 за прием на овластени службеници во областа на безбедноста".**

**Пријавата за вработување** со задолжителните докази за исполнување на условите се доставува во рок од 3 работни дена од денот на објавувањето на јавниот оглас во дневен печат.

Пријавата за вработување може да се превземе од веб страната на Општина Крива Паланка **www.krivapalanka.gov.mk**

Ненавремена, нецелосна и некомплетна пријава и документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата.

Селекцијата ја спроведува Комисија за избор на кандидат за вработување во ТППЕ Крива Паланка формирана со Решение на Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

Селекцијата на кандидатите се врши врз основа на јасни и транспарентни критериуми, пропишани од Градоначалникот на единицата на локалната самоуправа.

Постапката за селекција ќе биде спроведена во следните фази: административна селекција – проверка на пријава и докази и интервју.

**Распоред на работно време:** Распоредот на работното време за работното е организирано во смени и трае од 160 до 184 работни часа месечно.

**Паричен нето износ на плата**:

За работното место реден број 1. Командир на одделение за противпожарна заштита ниво Б04, шифра ПОЖ0210Б04000 во Територијалната Противпожарна единица Крива Паланка при Општина Крива Паланка изнесува 21.060,00 денари

За работното место реден број 2. Пожарникар спасител ниво В04, шифра ПОЖ 02 10 В04 000 во Територијалната Противпожарна единица Крива Паланка при Општина Крива Паланка изнесува 18.480,00 денари.

Општина Крива Паланка, ул.„Св. Јоаким Осоговски", бр.175 Крива Паланка Република Македонија телефон 031/375-035,

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Секретар**
**Љубомир Младенов**